УНИ Банка
Твојата Банка

Врз основа на член 483 од Законот за трговски друштва, член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ( во натамошниот текст: Банката), на седница одржана на 31.05.2022 година ја донесе, следната:

# О Д Л У К А
## за распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

1.Добивката по годишната сметка за 2021 година на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| Данок на добивка | МКД | 21,346,880.00 |
| Добивка по оданочување | МКД | 218,193,540.00 |
| Вкупно: | МКД | 239,540,420.00 |

2.Утврдената добивка по оданочување по Годишната сметка за 2021 година, на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ќе биде распоредена на следниот начин:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Акумулирана добивка | МКД | 120,000,000.00 |
| 2. | Вложувања во инвестиции (реинвестирана добивка) | МКД | 45,000,000.00 |
| 3. | Камата по перпетуална обврзница | МКД | 27,715,999.00 |
| 4. | Останати резерви | МКД | 25,477,541.00 |

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СО број:0201/5-4/2022
31.05.2022 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Образложение кон Предлог - одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на УНИбанка АД Скопје за 2021 година

Како резултат од работењето во 2021 година УНИбанка АД Скопје оствари добивка пред оданочување во износ од 239,540,420.00 денари. По одбивањето данок на добивка во износ од 21,346,880.00 денари, останува добивка по оданочување во износ од 218,193,540.00 денари.

Се предлага утврдената добивка по оданочување во износ од 218,193,540.00 денари да се распредели дел за акумулирана добивка расположлива за понтамашна распределба на акционерите, дел за реинвестирана добивка, дел за резерви и дел за годишна и полугодишна исплата на камата по перпетуалната обврзница.

Согласно идните показатели за развој на економската и финансиската ситуација и нејзиното влијание врз капиталот и ликвидносната позиција на Банката се предлага акумулираната добивка расположлива за понатамашна распределба во износ од 120,000,000.00 денари, со дополнителна одлука на Собрание на акционери да се пренамени во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите или за исплата на дивиденди на акционерите на Банката.

Добивката која се распоредува во инвестициски вложувања во износ од 45.000.000 денари е во согласност со планираните инвестиции за развојни цели, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста